РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став (2), точка 2 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), а во врска со примената на член 3 од Упатството за гласање на лицата кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД – 19 или на кои им е одредена мерка самоизолација со Решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат, бр. 11-2931/1 од 02.10.2020 година и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **14.10.2020** година донесе:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗБОР И ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ ИЗБИРАЧКИ ОДБОРИ

**Член 1**

Во општините во кои ќе гласаат лицата кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД – 19 или на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат, во зависност од нивниот број, Државната изборна комисија формира еден или повеќе посебни избирачки одбори.

**Член 2**

Посебните избирачки одбори составени се од тројца здравствени работници (претседател и членови) кои го спроведуваат гласањето на овие лица, при што политичките партии имаат право да именуваат член во посебниот избирачки одбор согласно член 38 ставовите 5 и 6 од Изборниот законик.

**Член 3**

Член на изборен орган не може да биде:
- лице осудено за казниво дело поврзано со изборите,
- лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето и
- лице кое не ги исполнува посебните услови утврдени со Изборниот законик.

**Член 4**

Државната изборна комисија во рок од три дена од денот усвојување на овој Правилник доставува барање до Министерството за здравство за доставување на податоци за здравствени работници систематизирани по општини според адресата на местото на живеење, заради формирање на посебни избирачки одбори кои ќе го спроведат гласањето на избирачите кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат.

**Член 5**

Министерството за Здравство, податоци за здравствените работници, систематизирани по општини според адресата на местото на живеење ги доставува до Државната изборна комисија во рок од три дена од денот на добиеното барање.

**Член 6**

Државната изборна комисија согласно Роковникот доставува барање до политичките партии од власта и опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, да достават предлози за членови, заради формирање на посебни избирачки одбори кои ќе го спроведат гласањето на избирачите кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат.

**Член 7**

Политичките партии од власта и опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, предлозите за членови на посебни избирачки одбори кои ќе го спроведат гласањето на избирачите кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарени и здравствен инспекторат ги доставуваат до Државната изборна комисија во рок од пет дена од денот на добивањето на известувањето.

**Член 8**

Државната изборна комисија согласно Роковникот ги формира посебните избирачки одбори кои ќе го спроведат гласањето на избирачите кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарени и здравствен инспекторат, на начин што членовите од редот на здравствените работници се избираат по случаен избор.

**Член 9**

Лицето избрано за член на изборниот орган може да не прифати да ја извршува таа должност само поради здравствени или семејни причини, при што за неприфаќањето на членот одлучува органот кој го избира, врз основа на приложена соодветна документација.

**Член 10**

За спроведување на гласањето на лицата кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација изборните органи се должни, без исклучоци да ги почитуваат мерките за заштита од Ковид-19 предвидени во Задолжителните насоки за здравствена заштита во текот на изборниот процес донесени од страна на Државната изборна комисија бр. 10-1639/1 од 01.07.2020 година.

**Член 11**

Заради непридржување на погоре наведените одредби од овој Правилник претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици на посебните избирачки одбори имаат одговорност согласно одредбите од Изборниот законик.

**Член 12**

Ова упатство стапува на сила со денот на донесувањето и се објавува на интернет страницата на Државната изборна комисија.

**Број** 08-3005/1
**14.10.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дитмире Шеху / Ditmire Shehu**